# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНАТА БИТОЛА

Службено гласило на Општината Битола излегува по потреба

www.bitola.gov.mk

**Број 14, година XLV**
**Четврток, 13.11.2014**
Битола

**e-mail:bitola@t-home.mk**

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

### З А К Л У Ч О К
### за објавување на Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општината Битола за 2014 година

1. Ја објавувам Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општината Битола за 2014 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 10.11.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1469/1
13.11.2014 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
д-р Владимир Талески

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 5/2002), а во врска со член 34 од Законот за Буџетите („Сл. весник на РМ“ бр. 64/2005, 2008), и член 22 и 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/2005), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 10.11.2014 година, донесе

### О Д Л У К А
### за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општината Битола за 2014 година

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена на распоредот на средства во Буџетот на Општина Битола за 2014 година на следниот начин:

| Потпрограма и назив на потпрограмата | | Потставка и опис на потставката | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| W00 ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА | | Буџет | Самофин. | Дотации | Донации | Кредити |
| 402220 | Основен придонес за професионално заболување | 0 | 0 | 12.442 | 0 | 0 |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | 0 | 0 | 447.912 | 0 | 0 |
| 402310 | Основни придонеси до Агенција за вработување | 0 | 0 | -17.564 | 0 | 0 |
| 401310 | Персонален данок на доход од Плата | 0 | 0 | -32.003 | 0 | 0 |
| 401130 | Основни плати-др. вработени | 0 | 0 | -410.787 | 0 | 0 |
| | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“ и станува составен дел на Буџетот на Општината за 2014 година.

Бр.07-36/3 ПРЕТСЕДАТЕЛ
10.11.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Заклучокот за прифаќање на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за третиот квартал во 2014 година

1. Го објавувам Заклучокот за прифаќање на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за третиот квартал во 2014 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 10.11.2014 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1469/2 ГРАДОНАЧАЛНИК
13.11.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 32 точка 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр 61/04 и 156/09 ) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општината Битола“ број 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 10.11.2014 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## за прифаќање на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за третиот квартал во 2014 година

1. СЕ ПРИФАЌА Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за третиот квартал во 2014 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-36/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ
10.11.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Заклучокот за неусвојување на Годишната програма за работата на Работничкиот Универзитет „Крсте Мисирков“ Битола за 2015 година

1. Го објавувам Заклучокот за неусвојување на Годишната програма за работата на Работничкиот Универзитет „Крсте Мисирков“ Битола за 2015 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 10.11.2014 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1469/3 ГРАДОНАЧАЛНИК
13.11.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 9, став 1, алинеа 3 од Законот за отворените граѓански универзитети за доживотно учење („Службен

весник“ на РМ бр.36/11), член 37, став, точка 3 од Статутот на Универзитетот и член 70 од Статутот на општина Битола („Службен гласник на општината Битола“ бр.10/05), Советот на општината Битола на седницата одржана на 10.11.2014 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за неусвојување на Годишната програма за работата на Работничкиот Универзитет „Крсте Мисирков“ Битола за 2015 година**

1. НЕ СЕ УСВОЈУВА Годишната програма за работата на Работничкиот Универзитет „Крсте Мисирков“ Битола за 2015 година.

2. Советот на Општината Битола одлучи Годишната програма да се врати на понатамошна доизработка.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на општината Битола“

Бр.07-36/5 ПРЕТСЕДАТЕЛ
10.11.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување Информацијата за заклучоците од Консултативното тело за следење на амбиенталниот воздух на подрачјето на Општината Битола**

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Информацијата за заклучоците од Консултативното тело за следење на амбиенталниот воздух на подрачјето на Општината Битола, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 10.11.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1469/4 ГРАДОНАЧАЛНИК
13.11.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општината Битола“ број 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 10.11.2014 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување Информацијата за заклучоците од Консултативното тело за следење на амбиенталниот воздух на подрачјето на Општината Битола**

1. СЕ УСВОЈУВА Информацијата за заклучоците од Консултативното тело за следење на амбиенталниот воздух на подрачјето на Општината Битола.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр.07-36/6 ПРЕТСЕДАТЕЛ
10.11.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програмата за развојни планови во Општината Битола за периодот од 2015 до 2017 година**

1. Ја објавувам Програмата за развојни планови во Општината Битола за периодот од 2015 до 2017 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 10.11.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1469/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
13.11.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 21 и 29 од Законот за буџетите („Службен весник на РМ“ бр. 64/05, 4/08 и 103/08), а во врска со член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 10.11.2014 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## за РАЗВОЈНИ ПЛАНОВИ во Општина Битола за периодот од 2015 до 2017 год.

Со оваа Програма се уредуваат изворите на средствата и наменското трошење на истите согласно законските прописи кои ја регулираат оваа материја.

Програмата започнува со реализација во 2015 г., а плановите опфатени со неа имат рок за реализирање во наредните 3 години, поточно заклучно со 2017 година. Планираните средства на оваа тригодишна развојна програма изнесуваат **376.956.849,00 денари**. (Прилог 1- составен дел на оваа програма)

Средствата во висина од **181.984.505,00 денари** се определени од буџетот на Општина Битола за 2015 год. и се распределуваат на начин како што претходно потенциравме во Прилог 1.

Средствата во висина од **99.972.344,00 денари** се определени од буџетот на Општина Битола за 2016 год. и се распределуваат на начин како што претходно потенциравме во Прилог 1.

Средствата во висина **95.000.000,00 денари** се определени од буџетот на Општина Битола за 2017 год. и се распределуваат на начин како што претходно потенциравме во Прилог 1.

Планираните средства за реализација на проектот „Изградба на улици во АРМ четврт1 и АРМ четврт2“ ќе се намалат за вредност од 58.032.563,00 денари, заради тоа што Изградбата на улици во АРМ четврт1 и АРМ четврт2 се планира да се финансира по пат на долгорочно задолжување, а остатокот од планираните средства ќе се користат само за изградба на улицата СРУ1 во АРМ четврт1.

Планираните средства за реализација на проектот „Изградба на фекална и атмосферска канализациона мрежа во АРМ четврт1 и АРМ четврт2“ ќе се зголемат за вредност од 23.927.636,00денари, заради тоа што претходно истите беа претпоставени, но со изработка на проектна документација и предмер пресметката која произлезе од проектот потребните средства за реализација на проектот се зголемија. Изградбата на атмосферската канализациона мрежа во АРМ четврт1 и АРМ четврт2 се планира да се финансира по пат на долгорочно задолжување, а остатокот од планираните средства ќе се користат само за изградбата на фекалната канализациона мрежа во АРМ четврт1 и АРМ четврт2 како и изградба на фекална и атмосферска канализациона мрежа на улица СРУ1 во АРМ четврт1.

Планираните средства за реализација на проектот „Изградба на систем за водоснабдување во АРМ четврт1 и АРМ четврт2“ ќе се намалат за вредност од 6.431.123,00 денари, заради тоа што Изградбата на систем за водоснабдување во АРМ четврт1 и АРМ четврт2 се планира да се финансира по пат на долгорочно задолжување, а остатокот од планираните средства ќе се користат само за изградба на систем за водоснабдување на улицата СРУ1 во АРМ четврт1.

Планираните средства за реализација на проектот „Изградба на осветлување и нисконапонска кабловска мрежа во АРМ четврт1 и АРМ четврт2“ ќе се намалат за вредност од 10.749.860,00денари, заради тоа што Изградбата на осветлување и нисконапонска кабловска мрежа во АРМ четврт1 и АРМ четврт2 се планира да се финансира по пат на долгорочно задолжување, а остатокот од планираните средства ќе се користат само за изградба на осветлување и нисконапонска кабловска мрежа на улицата СРУ1 во АРМ четврт1.

Планираните средства за реализација на проектот „Реконструкција со доградба на „Црн мост“- Битола со санација на обемните ѕидови“ се зголемуваат за вредност на Анексот на основниот договор во висина од 10.902.219,00 денари заради изведување на градежни активности кои влегоа со дополнувања на основниот проект потврдени од надзорен инженер, проектант и ревидент.

Расходите за изградба и реконструкција на улици, изградба на системи за одведување и прочистување на отпадни води, изградба на системи за водоснабдување, изградба на јавно осветлување, реконструкцијата на мостот и изградбата на киното и реконструкција на стадионот ќе се извршуваат согласно динамиката на приливот на средствата.

Динамиката на реализацијата, со утврдување на приоритет за реализација ја утврдува Градоначалникот и Комисијата за јавни и комунални дејности, а ја реализира Одделението за комунални дејности и уредување на градежното земјиште при Секторот за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комуналните дејности и уредување на градежното земјиште на Општина Битола.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

За спроведување на оваа Програма се грижи Градоначалникот, Комисијата за јавни и комунални дејности и Одделението за комунални дејности и уредување на градежното земјиште при Секторот за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комуналните дејности и уредување на градежното земјиште на Општина Битола.

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува до крајот на наредната годината, односно до донесување на наредната Програма за Развојни планови, и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-36/7 ПРЕТСЕДАТЕЛ
10.11.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

# ПРИЛОГ 1

**ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ НА РАЗВОЈНИ ПРОГРАМИ ПО ГОДИНИ од 2015 до 2017година**

| Ред бр. | Име на буџетска програма | Име на развојна програма | Планирани работи за изведување | Износ за 2015 во ден | Износ за 2016 во ден | Износ за 2017 во ден |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | JD | | **Изградба и реконструкција на улици и локални патишта** | | | |
| 1 | | JDL | Реконструкција на магистрални улици ул.Булевар 1-ви Мај,ул.Довлеџик како дел од регионален пат Р-106, I фаза | 5.000.000,00 | 7.386.525,00 | 10.000.000,00 |
| 2 | | JDZ | Изградба на улица СРУ1 во АРМ | 41.000.000,00 | / | / |
| 3 | | JDM | Реконструкција на дел од улица „Владимир Назор“ со изградба на кружен тек кај бензинската пумпа „Лук Оил“ | 400.000,00 | 5.000.000,00 | 5.000.000,00 |
| | JI | | **Изградба на систем за одведување и пречистување на отпадни води** | | | |
| 4 | | JIZ | Изградба на атмосферска и фекална канализациона мрежа во АРМ четврт 1 и АРМ четврт 2<br>( атмосферска и фекална канализациона мрежа на улица СРУ1 во АРМ четврт1 и фекална канализациона мрежа во АРМ четврт 1 и АРМ четврт 2) | 60.000.000,00 | / | / |
| | JG | | **Изградба на систем за водоснабдување** | | | |
| 5 | | JGZ | Изградба на систем за водоснабдување во АРМ четврт 1 и АРМ четврт 2 | 5.475.216,00 | / | / |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | JA | | **Изградба на јавно осветление** | | | |
| 6 | | JAZ | Изградба на осветлување и нисконапонска кабловска мрежа на улица СРУ1 во АРМ | 5.459.890,00 | / | / |
| | KA | | **Културно творештво и манифестации (капитални трошоци)** | | | |
| 7 | | KAO | Изградба на кино Манаки | 14.125.745,00 | 7.585.819,00 | / |
| | EA | | **Капитални трошоци** | | | |
| 8 | | EAA | Реконструкција со доградба на „Црн мост“-Битола со санација на обемните ѕидови | 14.523.654,00 | / | / |
| | LA | | **Спорт и рекреација (Капитални трошоци)** | | | |
| 9 | | LAA | Реконструкција на стадионот под Тумбе кафе | 31.000.000,00 | 75.000.000,00 | 75.000.000,00 |
| | FD | | **Уредување на простор во рурални средини (Капитални трошоци)** | | | |
| 10 | | FDA | Изградба на други објекти | 5.000.000,00 | 5.000.000,00 | 5.000.000,00 |
| | | | **Вкупно по години:** | **181.984.505,00** | **99.972.344,00** | **95.000.000,00** |
| | | | **Се вкупно:** | **376.956.849,00** | | |

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Програмата за престанување на важноста на Програмата за поставување рекламни паноа на подрачјето на Општина Битола

1. Ја објавувам Програмата за престанување на важноста на Програмата за поставување рекламни паноа на подрачјето на Општина Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 10.11.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1469/6 ГРАДОНАЧАЛНИК
13.11.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа „Сл. весник на РМ“ бр. ( 10/05 ), а во врска со член 70 од Статутот на Општина Битола „Сл. гласник на Општината Битола“ бр. ( 10/05 ), Советот на Општина Битола на седницата одржана на ден 10.11.2014 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## за престанување на важноста на Програмата за поставување рекламни паноа на подрачјето на Општина Битола

### Член 1

Со оваа програма престанува да важи Програмата за поставување рекламни паноа на подрачјето на Општина Битола бр. 07-1191/4 од 28.09.2005 година, објавена во „Службен гласник на Општина Битола“ бр. 12/2005.

### Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.07-36/8 ПРЕТСЕДАТЕЛ
10.11.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Правилникот за престанување на важноста на Правилникот за утврдување висината на трошоците во постапката за издавање Решение за користење на место за огласување, односно отстранување на поставено обележје, како и за трошоците за одржување на објектите за истакнување плакати, реклами, огласи и други соопштенија на подрачјето на Општината Битола

1. Го објавувам Правилникот за престанување на важноста на Правилникот за утврдување висината на трошоците во постапката за издавање Решение за користење на место за огласување, односно отстранување на поставено обележје, како и за трошоците за одржување на објектите за истакнување плакати, реклами, огласи и други соопштенија на подрачјето на Општината Битола, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 10.11.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1469/7 ГРАДОНАЧАЛНИК
13.11.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 10/05 ), а во врска со член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 ), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 10.11.2014 година, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## за престанување на важноста на Правилникот за утврдување висината на трошоците во постапката за издавање Решение за користење на место за огласување, односно отстранување на поставено обележје, како и за трошоците за одржување на објектите за истакнување плакати, реклами, огласи и други соопштенија на подрачјето на Општината Битола

### Член 1

Со овој Правилник престанува да важи Правилникот за утврдување висината на трошоците во постапката за издавање Решение за користење на место за огласување, односно отстранување на поставено обележје, како и за трошоците за одржување на објектите за истакнување плакати, реклами, огласи и други соопштенија на подрачјето на Општината Битола бр. 07-1947/8 од 20.12.2005 година, објавен во „Службен гласник на Општина Битола“ бр. 17/2005.

### Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.07-36/9 ПРЕТСЕДАТЕЛ
10.11.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за престанување на важноста на Одлуката за утврдување на начинот, условите и критериумите за истакнување плакати, реклами, огласи и други соопштенија на подрачјето на Општина Битола

1. Ја објавувам Одлуката за престанување на важноста на Одлуката за утврдување на начинот, условите и критериумите за истакнување плакати, реклами, огласи и други соопштенија на подрачјето на Општина Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 10.11.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1469/8 ГРАДОНАЧАЛНИК
13.11.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 10/05 ), а во врска со член 70 од Статутот на Општина Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 ), Советот на Општина Битола на седницата одржана на ден 10.11.2014 година донесе

## О Д Л У К А
## за престанување на важноста на Одлуката за утврдување на начинот, условите и критериумите за истакнување плакати, реклами, огласи и други соопштенија на подрачјето на Општина Битола

### Член 1

Со оваа Одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на начинот, условите и критериумите за истакнување плакати, реклами, огласи и други соопштенија на подрачјето на Општина Битола бр. 07-1947/7 од 20.12.2005 година, објавена во „Службен гласник на Општина Битола“ бр. 17/2005 .

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.07-36/10 ПРЕТСЕДАТЕЛ
10.11.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решението за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара“ Битола за утврдување на цената на услугите износот на надоместокот на трошоците за престој на децата кои паѓаат на товар на родителите на децата згрижени во Установата**

1. Го објавувам Решението за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара“ Битола за утврдување на цената на услугите износот на надоместокот на трошоците за престој на децата кои паѓаат на товар на родителите на децата згрижени во Установата, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 10.11.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1469/9 ГРАДОНАЧАЛНИК
13.11.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 116 став 1 алинеја 11 и член 191 став 2 и 3 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ бр. 23/2013, 12/14 и 44/14) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 17.10.2014 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара“ Битола за утврдување на цената на услугите износот на надоместокот на трошоците за престој на децата кои паѓаат на товар на родителите на децата згрижени во Установата**

1. СЕ ДАВА согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара“ Битола за утврдување на цената на услугите износот на надоместокот на трошоците за престој на децата кои паѓаат на товар на родителите на децата згрижени во Установата бр. 02-204/11 од 22.08.2014 г., донесена на седницата на Управниот одбор на Установата.

2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола”.

Бр.07-36/11 ПРЕТСЕДАТЕЛ
10.11.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решението за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара“ Битола за работа на воспитни групи со поголем и помал број на деца**

1. Го објавувам Решението за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара“ Битола за работа на воспитни групи со поголем и помал број на деца, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 10.11.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1469/10 ГРАДОНАЧАЛНИК
13.11.2014 год. на Општината Битола,
Битола д-р Владимир Талески

Врз основа на член 64 став 5, член 116 став 1 алинеја 11 и член 191 став 2 и 3 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ бр. 23/2013, 12/14 и 44/14) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 17.10.2014 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара“ Битола за работа на воспитни групи со поголем и помал број на деца

1. СЕ ДАВА согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара“ Битола за работа на воспитни групи со поголем и помал број на деца бр. 02-204/5 од 29.09.2014 г., донесена на седницата на Управниот одбор на Установата.

2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола”.

Бр.07-36/12 ПРЕТСЕДАТЕЛ
10.11.2014 г. на Советот на Општината Битола
Битола д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## ЗАКЛУЧОК
## за објавување на Одлуката за воведување на надоместок за користење на заверени проекти за инфраструктура од страна на надворешни субјекти, за линиски инфраструктурни градби финансирани од Општина Битола.

1. Ја објавувам Одлуката за воведување на надоместок за користење на заверени проекти за инфраструктура од страна на надворешни субјекти, за линиски инфраструктурни градби финансирани од Општина Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 10.11.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1469/11 ГРАДОНАЧАЛНИК
13.11.2014 год. на Општината Битола,
Битола д-р Владимир Талески

Врз основа на член 22 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ“ бр.05/02), член 22 и 70 од Статутот на Општина Битола („Сл. гласник на Општина Битола“ бр.10/05), Советот на Општина Битола на седницата одржана на 10.11.2014 година, донесе

## ОДЛУКА
## за воведување на надоместок за користење на заверени проекти за инфраструктура од страна на надворешни субјекти, за линиски инфраструктурни градби финансирани од Општина Битола.

### Член 1

Линиски инфраструктурни градби се јавен пат, мостови, железничка инфраструктура, далновод, нафтовод, гасовод, водовод, канализација, телекомуникациски водови и други објекти кои можат да бидат надземни или подземни и чија изградба претставува јавен интерес утврден со закон.

### Член 2

Висината на надоместокот за користење на податоци од Проектот ќе се пресметува процентуално од вкупната вредност на секој поединечен Проект за инфраструктура.

**Член 3**

Процентот на надоместокот за користење на Проектот за инфраструктура ќе се движи во висина од:

- Јавни претпријатија и трговски друштва - 10 % (десет) проценти од вкупната сума на Проектот - (за објекти од втора категорија кои се со поголема сложеност);
- кабловски оператори - 5% (пет) проценти од вкупната сума на Проектот - (објекти на кабловските оператори се оптички кабли за кои не се дава Одобрение, туку Решение за поставување);

**Член 4**

Податоците од Проектот за инфраструктура ќе бидат предавани на барателите во рок не подолг од 8 (осум) дена по поднесеното барање во:

- електронска верзија на CD – дискови во PDF форма,
- или хартиена форма на копирани заверени проекти за инфраструктура со надоместок за копирање на трошок на барателот.

**Член 5**

Јавните претпријатија основани од Општина Битола нема да се предмет на оваа Одлука.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.07-36/13 ПРЕТСЕДАТЕЛ
10.11.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за изменување и дополнување на одлуката за основање на Јавно претпријатие за урбанистичко планирање, проектирање и инжинеринг Битола

1. Ја објавувам Одлуката за изменување и дополнување на одлуката за основање на Јавно претпријатие за урбанистичко планирање, проектирање и инжинеринг Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 10.11.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1469/12 ГРАДОНАЧАЛНИК
13.11.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 21, 24 став 1 и 2 и член 36 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 18 став 1 и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 10.11.2014 година, донесе

## О Д Л У К А
## за изменување и дополнување на одлуката за основање на Јавно претпријатие за урбанистичко планирање, проектирање и инжинеринг Битола

**Член 1**

Се врши изменување и дополнување на одлуката за основање на Јавно претпријатие за урбанистичко планирање, проектирање и инжинеринг Битола бр. 07-29/51 од 17.10.2014 г. („Службен гласник на Општината Битола„ бр. 13/2014) и тоа во членот 16 став 2 се менува и гласи:

За лице кое ќе ги води работите на претпријатието до негово конституирање се именува **Марија Зарова Силјановска дипл. инж. архитект,** вработена во Општина Битола.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила 8 миот ден од денот на објавувањето во „Службен гласни на Општината Битола“.

Бр.07-36/14 ПРЕТСЕДАТЕЛ
10.11.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за давање на користење на недвижен имот во сопственост на Општина Битола без надоместок на Детскиот Фонд на Обединетите нации-УНИЦЕФ за отворање на Центар за ран детски развој

1. Ја објавувам Одлуката за давање на користење на недвижен имот во сопственост на Општина Битола без надоместок на Детскиот Фонд на Обединетите нации-УНИЦЕФ за отворање на Центар за ран детски развој, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 10.11.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1469/13 ГРАДОНАЧАЛНИК
13.11.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 36, став 1, точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), член 22, став 1, точка 36 и член 70 од Статутот на општина Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05) и член 15 од Правилникот за условите на стопанисување и начинот на продажба и давање на користење на недвижните ствари во сопственост на Општина Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.14/07 и 3/11), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 10.11.2014 г., донесе

## О Д Л У К А
## за давање на користење на недвижен имот во сопственост на Општина Битола без надоместок на Детскиот Фонд на Обединетите нации-УНИЦЕФ за отворање на Центар за ран детски развој

**Член 1**

Со оваа Одлука на Детскиот фонд на Обединетите нации-УНИЦЕФ му се даваат на користење две простории и тоа: една просторија од 24 м2 и друга просторија од 12 м2 во Урбаната заедница „Таки Даскалот“, без надоместок.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општината Битола да склучи договор со кој подетално ќе се регулира начинот на користење на просториите во УЗ „Таки Даскалот“ сопственост на Општината Битола.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-36/15 ПРЕТСЕДАТЕЛ
10.11.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за давање на користење на недвижен имот во сопственост на Општината Битола без надоместок на Здружението танцов спортски клуб „СТЕП АП“-Битола

1. Ја објавувам Одлуката за давање на користење на недвижен имот во сопственост на Општината Битола без надоместок на Здружението танцов спортски клуб „СТЕП АП“-Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 10.11.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1469/14 ГРАДОНАЧАЛНИК
13.11.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 36, став 1, точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), член 22, став 1, точка 36, член 70 од Статутот на општина Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05) и член 15 од Правилникот за условите на стопанисување и начинот на продажба и давање на користење на недвижните ствари во сопственост на општина Битола („Службен гласник на општината Битола“ бр.14/07 и 3/11), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 10.11.2014 г. донесе

## О Д Л У К А
## за давање на користење на недвижен имот во сопственост на Општината Битола без надоместок на Здружението танцов спортски клуб „СТЕП АП“-Битола

### Член 1

Со оваа Одлука на Здружението танцов спортски клуб „СТЕП АП“-Битола му се дава на користење без надоместок салата од 150 м-2 во УЗ „Борис Бастеро“, сопственост на Општина Битола.

### Член 2

Се овластува Градоначалникот на Општина Битола да склучи договор со кој подетално ќе се регулира начинот на користење на објектот од член 1 на оваа Одлука.

### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-36/16 ПРЕТСЕДАТЕЛ
10.11.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за давање на користење на недвижен имот во сопственост на Општината Битола без надоместок на Центар за развој на ромската заедница „Баирска светлина“-Битола

1. Ја објавувам Одлуката за давање на користење на недвижен имот во сопственост на Општината Битола без надоместок на Центар за развој на ромската заедница „Баирска светлина“-Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 10.11.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1469/15 ГРАДОНАЧАЛНИК
13.11.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 36, став 1, точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), член 22 став 1 точка 36, член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05) и член 15 од Правилникот за условите на стопанисување и начинот на продажба и давање на користење на недвижните ствари во сопственост на Општина Битола („Службен гласник на Општината

Битола“ бр. 14/07 и 3/11), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 10.11.2014 г., донесе

## О Д Л У К А
## за давање на користење на недвижен имот во сопственост на Општината Битола без надоместок на Центар за развој на ромската заедница „Баирска светлина“-Битола

**Член 1**

Со оваа Одлука на Центар за развој на ромската заедница „Баирска светлина“-Битола му се дава на користење без надоместок салата од 130 м-2 и адаптиран канцелариски простор од 20 м-2 од малата сала во УЗ „Димитар Влахов“, сопственост на Општина Битола.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општина Битола да склучи договор со кој подетално ќе се регулира начинот на користење на објектот од член 1 на оваа Одлука.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општината Битола“.

Бр.07-36/17 ПРЕТСЕДАТЕЛ
10.11.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за давање на користење на недвижен имот во сопственост на општината Битола без надоместок на Јавната установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола

1. Ја објавувам Одлуката за давање на користење на недвижен имот во сопственост на општината Битола без надоместок на Јавната установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 10.11.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1469/16 ГРАДОНАЧАЛНИК
13.11.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), член 22 став 1 точка 36 и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05) и член 15 од Правилникот за условите на стопанисување и начинот на продажба и давање на користење на недвижните ствари во сопственост на општина Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.14/07 и 3/11), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 10.11.2014 год., донесе

## О Д Л У К А
## за давање на користење на недвижен имот во сопственост на општината Битола без надоместок на Јавната установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола

**Член 1**

Со оваа Одлука на Јавната установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола му се дава на користење без надоместок деловниот простор во површина од 100м-2 кој се наоѓа во подрачната градинка „Колибри“ на улица „Цане Бујукоски“ бб, населба Стрелиште-Битола, сопственост на Општина Битола.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општина Битола да склучи договор со кој подетално ќе се регулира начинот на користење на објектот од член 1 на оваа Одлука.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општината Битола“.

Бр.07-36/18 ПРЕТСЕДАТЕЛ
10.11.2014 г. на Советот на Општината Битола
Битола д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## ЗАКЛУЧОК
## за објавување на Одлуката за давање на користење на недвижен имот во сопственост на општината Битола без надоместок на Здружение на Македонците од Егејскиот дел на Македонија-Битола

1. Ја објавувам Одлуката за давање на користење на недвижен имот во сопственост на општината Битола без надоместок на Здружение на Македонците од Егејскиот дел на Македонија-Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 10.11.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1469/17 ГРАДОНАЧАЛНИК
13.11.2014 год. на Општината Битола,
Битола д-р Владимир Талески

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), член 22 став 1 точка 36 и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05) и член 15 од Правилникот за условите на стопанисување и начинот на продажба и давање на користење на недвижните ствари во сопственост на општина Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.14/07 и 3/11), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 10.11.2014 г., донесе

## ОДЛУКА
## за давање на користење на недвижен имот во сопственост на општината Битола без надоместок на Здружение на Македонците од Егејскиот дел на Македонија-Битола

**Член 1**

Со оваа Одлука на Здружение на Македонците од Егејскиот дел на Македонија-Битола му се дава на користење без надоместок малата сала од 30 м-2 во УЗ „Ѓорѓи Наумов“ – Битола, сопственост на општината Битола.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општината Битола да склучи договор со кој подетално ќе се регулира начинот на користење на објектот од член 1 на оваа Одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-36/19 ПРЕТСЕДАТЕЛ
10.11.2014 г. на Советот на Општината Битола
Битола д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## ЗАКЛУЧОК
## за објавување на Одлуката за давање на користење на недвижен имот во сопственост на општината Битола без надоместок на Здружение на родители на деца со аутизам „Марко Поло Експлорер“ Битола и ЦПЛИП Порака - Битола

1. Ја објавувам Одлуката за давање на користење на недвижен имот во сопственост

на општината Битола без надоместок на Здружение на родители на деца со аутизам „Марко Поло Експлорер“ Битола и ЦПЛИП Порака – Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 10.11.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1469/18 ГРАДОНАЧАЛНИК
13.11.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02), член 22 став 1 точка 36, член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05) и член 15 од Правилникот за условите на стопанисување и начинот на продажба и давање на користење на недвижните ствари во сопственост на општина Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.14/07 и 3/11), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 10.11.2014 год., донесе

## О Д Л У К А
### за давање на користење на недвижен имот во сопственост на општината Битола без надоместок на Здружение на родители на деца со аутизам „Марко Поло Експлорер“ Битола и ЦПЛИП Порака - Битола

**Член 1**

Со оваа Одлука на Здружение на родители на деца со аутизам „Марко Поло Експлорер“и ЦПЛИП Порака – Битола му се дава на користење без надоместок недвижниот имот во УЗ „Ванѓел Мајорот“ 50 $м^2$ сала и 12 $м^2$ канцеларија кој е во сопственост на Општина Битола.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општина Битола да склучи договор со кој подетално ќе се регулира начинот на користење на објектот од член 1 на оваа Одлука.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-36/20 ПРЕТСЕДАТЕЛ
10.11.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
### за објавување на Одлуката за прифаќање на иницијатива за изработка на ЛУПД за изградба на полигон за обука на возачи на дел од КП Бр. 33 м.в. „Хектари“ КО Горно Оризари - Општина Битола

1. Ја објавувам Одлуката за прифаќање на иницијатива за изработка на ЛУПД за изградба на полигон за обука на возачи на дел од КП Бр. 33 м.в. „Хектари“ КО Горно Оризари - Општина Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 10.11.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1469/19 ГРАДОНАЧАЛНИК
13.11.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 17-а став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ“ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Сл. гласник на Општина Битола“ бр. 10/05), Советот на Општина Битола на седницата одржана на 10.11.2014 година, донесе

## О Д Л У К А
## за прифаќање на иницијатива за изработка на ЛУПД за изградба на полигон за обука на возачи на дел од КП Бр. 33 м.в. „Хектари“ КО Горно Оризари - Општина Битола

### Член 1

Се прифаќа иницијативата поднесена од Општина Битола, за изработка на ЛУПД за изградба на полигон за обука на возачи на дел од КП Бр. 33 м.в. „Хектари“ КО Горно Оризари - Општина Битола.

### Член 2

Финансирањето на постапката за изработка и донесување на ЛУПД за изградба на полигон за обука на возачи на дел од КП Бр. 33 м.в. „Хектари„ КО Горно Оризари - Општина Битола, ќе го врши подносителот на иницијативата.

### Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.07-36/21 ПРЕТСЕДАТЕЛ
10.11.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за прифаќање на иницијативата за изработка на ЛУПД за изградба на објекти со класа на намена Г2 (лесна незагадувачка индустрија) винарија на КП Бр. 100 КО Брусник - Општина Битола

1. Ја објавувам Одлуката за прифаќање на иницијативата за изработка на ЛУПД за изградба на објекти со класа на намена Г2 (лесна незагадувачка индустрија) винарија на КП Бр. 100 КО Брусник - Општина Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 10.11.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1469/20 ГРАДОНАЧАЛНИК
13.11.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 17-а став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ“ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 10.11.2014 година, донесе

## О Д Л У К А
## за прифаќање на иницијативата за изработка на ЛУПД за изградба на објекти со класа на намена Г2 (лесна незагадувачка индустрија) винарија на КП Бр. 100 КО Брусник - Општина Битола

### Член 1

Се прифаќа иницијативата поднесена од ТПУ БЕБА ПРОМ ДООЕЛ , за изработка на ЛУПД за изградба на објекти со класа на намена Г2 (лесна незагадувачка индустрија) винарија на КП Бр. 100 КО Брусник - Општина Битола

### Член 2

Финансирањето на постапката за изработка и донесување на ЛУПД за изгрдба на објекти со класа на намена Г2 (лесна незагадувачка индустрија) винарија на КП Бр. 100 КО Брусник - Општина Битола, ќе го врши подносителот на иницијативата.

### Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.07-36/22 ПРЕТСЕДАТЕЛ
10.11.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за прифаќање на иницијатива за изработка на ДУП во чиј плански опфат влегува и КП бр.18215 КО Битола м.в. Индустриска - Општина Битола

1. Ја објавувам Одлуката за прифаќање на иницијатива за изработка на ДУП во чиј плански опфат влегува и КП бр.18215 КО Битола м.в. Индустриска - Општина Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 10.11.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1469/21 ГРАДОНАЧАЛНИК
13.11.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 17-а став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 10.11.2014 година, донесе

## О Д Л У К А
## за прифаќање на иницијатива за изработка на на ДУП во чиј плански опфат влегува и КП бр.18215 КО Битола м.в. Индустриска - Општина Битола

**Член 1**

